

# НАСОКИ ЗА БЕЗБЕДНО И ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОРОНАВИРУСОТ (COVID-19)

Здружение на новинарите на Македонија

март 2020 година, Скопје


**Автори:**

**д-р Марина Тунева,**
*извршна директорка на Советот за етика во медиумите Македонија*

**Огнен Јанески,**
*новинар и алумни-истражувач при Одделот за јавни информации на ООН во Њујорк, САД*



**Издавач:**

**Здружение на новинарите на Македонија**
Градски ѕид, блок 13 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел: 00389 (02) 3298-139 е-пошта: contact@znm.org.mk

**Во соработка со:**

**Совет за етика на медиумите во Македонија (СЕММ)**

# СОДРЖИНА


Вовед 3

**Дел А [д-р Марина Тунева]** **5**

Насоки за етичко, професионално и одговорно известување за коронавирусот 5

- Добра проверка на информациите 5
- Континуитет во информирањето 7
- Смирување на тензиите и понуда на решение 7
- Користење соодветни извори на информации 8
- Користење соодветни наслови 9
- Да се користат едноставни објаснувања 10
- Употреба на вистинскиот речник, без сензационализам 10
- Врамување на сториите во вистинскиот контекст 11
- Внимателно користење на визуелизацијата 11
- Активна улога во разоткривање на дезинформациите 12

**Дел Б [Огнен Јанески]** **14**

Протокол за заштита и самозаштита за новинарите и за медиумските работници при пандемијата од болеста КОВИД-19 (коронавирус) 14

- Стандардни мерки за претпазливост 15
- Препораки за известување од терен 17
- Препораки за редакциско работење 20
- Гостувања во емисии на надворешни лица 24
- Онлајн безбедност за време на кризата 25
- Совети за работниот однос 25

# ВОВЕД

Известувањето за коронавирусот, од етичка перспектива, претставува прилично комплексна задача поради тоа што медиумите се соочуваат со две големи обврски: да ја кажат вистината и да не поттикнуваат непотребна вознемиреност и загриженост кај јавноста.

Имајќи предвид дека постои мноштво достапни информации, како од традиционалните извори (медиуми, здравствените институции), така и од новите (блогови, социјални мрежи) станува сè појасно колку е напорна задачата на медиумите за известување за оваа појава.

Сè поголемиот наплив на информации за КОВИД – 19 (болеста што ја предизвикува коронавирусот) претставува предизвик и за новинарите и за стручните лица со коишто разговараат тие при потрагата по информации. Тие мора да прават разлика меѓу легитимните и веродостојните извори на информации, од една страна, и шпекулациите, полувистините и пропагандните информации, од друга страна.

На социјалните мрежи и на Интернет се наидува на бројни содржини коишто може да преидзвикаат силни емоционални реакции, како паника или стравување, а одредени медиуми ги објавуваат таквите информации без да проверат дали се вистинити или да размислат околу последиците од нивното објавување.

Ширењето на КОВИД – 19 е причина за голема загриженост кај јавноста, но известувањето во некои медиуми придонесува кон зголемување на вознемиреноста на начин што не е етички оправдан. Ширењето дезинформации во текот на епидемија или пандемија на болести може да доведе до сериозни последици, а намалувањето на обемот на штетни совети и препораки може да го намали таквиот ефект.

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) и Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) ги повикаа медиумите да се

однесуваат професионално и етички и да не придонесуваат во ширењето невистини и создавањето паника кај јавноста. Насоките за професионално, одговорно и етичко известување за коронавирусот се подготвени во рамки на заложбите да се поттикне значајната улога на медиумите во правилно разбирање на појавата на коронавирусот, последиците од неа и начините на ефективна превенција.

Насоките се засноваат на препораките на меѓународни организации, како што се Poynter, First Draft, Journalist's Resource, Open Notebook, Reframe, Светската здравствена организација (СЗО), искусни новинари, научници и експерти.

Понатаму, целта на овие Насоки е да понудат и основни информации за заштита на новинарите и на медиумските работници при извршувањето на нивните работни обврски на терен и во редакциите и студијата.

Новинарите и медиумските работници се изложени на ризици за време на својата работа на терен, во редакциите и во студијата за известување во телевизиите и во радијата. Ваквите ризици, во услови на официјално прогласена пандемија од страна на Светската здравствена организација се зголемуваат.

Овие Насоки треба да ги насочат новинарите и медиумските работници, пред сѐ, да се самозаштитат, но и да ги заштитат останатите околу нив, за време на извршувањето на своите работни обврски.

Медиумите, освен преку етичното известување за ситуацијата со пандемијата на коронавирусот, јавноста ја едуцираат и преку својата самосвест, при што се дел од решенијата за справување со кризата.

**од авторите**

## ДОБРА ПРОВЕРКА НА ИНФОРМАЦИИТЕ

Лажните и погрешните информации се шират со голема брзина, а луѓето неретко ги споделуваат без каква било проверка. Група научници од Универзитетот за технологија во Масачусетс во 2018 година дошла до сознанието дека сториите што поттикнуваат емоционален одговор многу повеќе се споделуваат отколку другите содржини[1]. И невролозите потврдуваат дека со поголема веројатност ги помниме сториите што нè прават гневни, тажни или нè засмеваат[2]. Од тие причини особено е важно, пред да се изработи новинарската содржина, да се провери изворот на информацијата. „И покрај тоа што други медиуми известуваат за определена сторија, тоа не значи дека со сигурност е проверен изворот на информацијата“[3].

Дел од одговорноста на новинарите е да го откријат потеклото на информациите. Тоа неретко подразбира на јавните личности, функционерите, министрите и другите извори или на соговорниците да им постават прашања за потеклото на информациите што ги пласираат. Во услови на голема загриженост кај јавноста, од власта, јавните личности и соговорниците коишто пласираат информации во медиумите се очекува да се придржуваат кон високите стандарди на одговорност.

И покрај тоа што одредена содржина е илустрирана со табела или графикон тоа не значи дека бројките се точни, а аргументите издржани. Проблемот со

1 Vosoughi, S., Roy, D., Aral S. *„The spread of true and false news online“*, Science 09 Mar 2018: Vol. 359, Issue 6380, pp. 1146-1151 DOI: 10.1126/science.aap9559

2 Anne Barr, R. (2019) *Galaxy brain: the neuroscience of how fake news grabs our attention, produces false memories, and appeals to our emotions*, Nieman Lab, достапно на: https://www.niemanlab.org/about/

3 First Draft (2020) *Tips for reporting on Covid – 19 and slowing the spread of misinformation*, достапно на: https://firstdraftnews.org/latest/tips-for-reporting-on-covid-19-coronavirus-and-slowing-the-spread-of-misinformation/

„брзата наука“, како што укажува Ројтерс, е што луѓето може да паничат или да донесат погрешни одлуки пред соодветно да се истражат податоците.

**Важно е:**

- Да се утврди кој е изворот и од каде произлегуваат информациите.
- Да се консултираат официјални извори на информации, како, на пример, од веб-страницата на СЗО којашто се однесува на коронавирусот (https://www.who.int/health-topics/coronavirus).

**НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ ДА ВЕ ЗАВЕДАТ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ОНЛАЈН**

Проверете ги овие работи кога пребарувате по социјалните мрежи

**Извор –** размислете и разгледајте што стои во позадина. Проверете го потеклото на веб-страницата или профилот на социјалната мрежа, проверете ги основните податоци, имињата и презимињата

**Историја –** дали изворот има некаква агенда? Откријте за каков тип теми известува најчесто и дали промовира само една перспектива

**Докази –** проучете ги деталите на некое тврдење и согледајте дали е поткрепено со веродостојни докази

**Емоции –** дали изворот се потпира на некакви емоции за да се направи поента? Проверете дали има сензационалистичка, воспалувачка или подвојувачка реторика

**Слики –** сликите вредат колку илјада зборови. Проверете каква порака илустрира фотографијата и дали изворот користи слики за да привлече внимание

**Извор: First Draft**

## КОНТИНУИТЕТ ВО ИНФОРМИРАЊЕТО

Важно е медиумите да го задржат континуитетот во информирањето за КОВИД–19 не само за публиката што ги следи, туку и за таа јавност која претходно не посветила значително внимание на проблемот.

Тоа значи дека ќе има потреба од известување на начин што ќе ги информира и недоволно информираните, со обезбедување на соодветниот контекст и неопходните информации, дури и доколку се повторуваат истите содржини.

## СМИРУВАЊЕ НА ТЕНЗИИТЕ И ПОНУДА НА РЕШЕНИЕ

Во услови на голема загриженост и вознемиреност околу ширењето на вирусот и последиците од него, медиумите треба да им помогнат на граѓаните со конкретни информации во врска со заштитата и мерките што треба да ги преземат. Препораките треба да се засноваат на релевантни и официјални извори, како што е Светската здравствена организација и здравствените установи и официјални претставници, со добра проверка на веродостојноста на информациите што ги пласираат.

Признавањето на стравот и неизвесноста може да помогне во нивното надминување. Известувањето треба да биде одраз на загриженоста на јавноста, но и да биде насочено кон обезбедување сигурни информации за тоа како да постапуваат. Истовремено, медиумите, уважувајќи ја потребата од одговор на прашањата што ги имаат граѓаните, треба да посочат дека за некои од нив сè уште нема одговор и дека се работи на утврдување решение за проблемот, доколку тоа е навистина случај.

## КОРИСТЕЊЕ СООДВЕТНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

Медиумите треба да го засноват своето известување на информации од повеќе од еден извор. Различни експерти имаат различни перспективи и информации што би биле корисни за да се согледа целосната слика за околностите и контекстот на проблемот.

„Трагајте по експерти за инфективни болести и експерти за јавно здравство за да дојдете до аргументирани информации и бидете подготвени дека ќе наидете на лица кои се обидуваат да се претставаат како експерти, а кои што всушност не се тоа“[4]. Се случува некои политичари или јавни личности да ги претставаат штетите и опасностите како помали, некои нестручни лица се обидуваат да наметнуваат терапии и начини на заштита коишто се несоодветни, итн. Во обид што побрзо да дојдат до информации, новинарите, понекогаш, им поставуваат прашања на лица на кои им недостасува знаење за темата за да понудат соодветно објаснување и мислење. Професорот по епидемиологија на Школата за јавно здравје при Харвард Бил Хениџ (Bill Hanage) препорачува новинарите да најдат истражувачи или стручни лица со знаење и искуство на темата, а доколку тие им посочат дека им недостасува конкретно знаење тоа така треба да го пренесат. „Известувајќи за пандемијата, важно е новинарите да објаснат што знаат експертите и што мислат дека знаат, врз основа на нивното искуство и проценка на доказите“[5].

Медиумите, исто така, мора да избегнуваат „лажна рамнотежа“ во изборот на соговорниците и не смеат да дозволат да се користат изјави

4 Open Notebook (2020) *Tip sheet: Covering the coronavirus epidemic effectively without spreading misinformation*, достапно на: https://www.theopennotebook.com/2020/03/02/tipsheet-covering-the-coronavirus-epidemic-effectively-without-spreading-misinformation/

5 Journalist's Resource, *Covering COVID-19 and the coronavirus: 5 tips from a Harvard epidemiology professor*, 06.03.2020, достапно на: https://journalistsresource.org/studies/society/public-health/covid-19-coronavirus-epidemiology/

од соговорници кои не се релевантни и кои немаат значајни информации за јавноста. Новинарите, вообичаено, цитираат лекари, иако неретко и другиот здравствен персонал, како, на пример, медицинските сестри, може да понуди релевантни и корисни информации,повикувајќи се на своето искуство, особено кога станува збор за контрола на инфективните болести.

## КОРИСТЕЊЕ СООДВЕТНИ НАСЛОВИ

За време на пандемија, кога информациите се шират забрзано, не е доволно да се креираат наслови што само го насочуваат вниманието кон останатиот дел од сторијата. „Во такви услови, мора да се земе предвид дека просечниот читател го доживува вашето известување само преку насловот“[6].

И покрај тоа што новинарскиот текст може да содржи внимателни и прецизни објаснувања, сепак многу е важно како ќе бидат поставени насловите, со оглед на тоа што публиката, неретко, само поминува преку нив и не го чита преостанатото.

Во исто време, се препорачува редакциите да ги приспособат насловите за различните платформи, правејќи разлика меѓу насловите што публиката ги чита на социјалните мрежи и насловите што се појавуваат кога граѓаните бараат информации на пребарувачите.

[6] Reframe, *Reframe: Reporting on coronavirus*, достапно на: https://reframe.resolvephilly.org/covid-19/

## ДА СЕ КОРИСТАТ ЕДНОСТАВНИ ОБЈАСНУВАЊА

Медиумите треба да ги пренесуваат информациите едноставно и јасно, преку илустрирање на главните поенти. Се препорачува тие да се фокусираат на фактите на едноставен начин, за да се привлече вниманието на публиката и да предложат конкретни чекори и мерки.

## УПОТРЕБА НА ВИСТИНСКИОТ РЕЧНИК, БЕЗ СЕНЗАЦИОНАЛИЗАМ

Речникот што се употребува во известувањето е многу важен и тој треба да соодветствува на реалните случувања и околности.

Во новинарското известување неретко се употребуваат зборови од типот „смртоносен вирус“, „убиец“, „катастрофа“, „ужас“, итн. Таквите зборови привлекуваат повеќе кликови, но може да поттикнат и паника, што е спротивно на тоа што го препорачуваат епидемиолозите, вирологозите, здравствените власти и др.

Оттука, препораката е колку што е полоша ситуацијата, толку повеќе новинарите да ги ограничуваат субјективните придавки и да се придржуваат кон цврстите факти. Јавноста е свесна дека ситуацијата е сериозна.

„Новинарите мора да прават разлика меѓу природата на заканата и одговорноста да управуваат со емоциите на пубиката и да не шират прекумерен страв.“ - вели професорката Карин Вал Јоргенсен од Универзитетот во Кардиф. Новинарите, исто така, треба да избегнуваат да користат цитати од соговорници кои упатуваат на шпекулации, сензационализам или на гласини.

## ВРАМУВАЊЕ НА СТОРИИТЕ ВО ВИСТИНСКИОТ КОНТЕКСТ

„Секогаш кога е соодветно, медиумите треба им помогнат на граѓаните да разберат како функционира здравствениот систем и науката, како дејствува имунолошкиот систем, а како се пренесуваат и влијаат вирусите“[7]. Важно е медиумите да избегнуваат да информираат само „сервисно“, без да го објаснат вистинскиот контекст. „Сториите со коишто на луѓето им се објаснуваат начините на превенција и пренесување на вирусот се помалку застрашувачки отколку тие во коишто не се содржани такви информации“[8].

Новинарите треба да потенцираат дека коронавирусот, за повеќето луѓе, е несмртоносен. Според СЗО, тој е нов вирус на којшто никој не е имун, што значи дека повеќе луѓе се подложни на инфекција, а на глобално ниво околу 3,4% од пријавените случаи на заболување починале[9]. Информациите од овој вид, со соодветно статистичко толкување на податоците, треба да бидат опфатени во редовното медиумско известување и со тоа да ѝ се овозможи на публиката да добие прецизна слика и да биде соодветно информирана.

## ВНИМАТЕЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈАТА

Еден од најчестите начини на ширење дезинформации е преку фотографии и видеа кои што се користат во различен контекст. При употребата на какви било материјали од овој тип на публиката треба точно да ѝ се

7 Open Notebook (2020) *Tip sheet: Covering the coronavirus epidemic effectively without spreading misinformation,* достапно на: https://www.theopennotebook.com/2020/03/02/tipsheet-covering-the-coronavirus-epidemic-effectively-without-spreading-misinformation/

8 Ibid.

9 Светска здравствена организација, *"WHO Director General's opening remarks at the media briefing on COVID – 19",* достапно на: https://www.who.int/dg/speeches/detail/who-director-general-s-opening-remarks-at-the-media-briefing-on-covid-19---3-march-2020

претстави ситуацијата во која се направени, нивното потекло, контекстот, итн. Особено е важно да се избегне користење генерички фотографии/илустрации кои поттикнуваат дополнителни стравови и паника.

Постојат алатки онлајн кои овозможуваат да се провери потеклото и оригиналноста на фотографиите (како, на пример, Google image, RevEye's Plugin, TinEye, Bing, итн.) и на видеата (InVid и други). За да се открие каде е направена фотографијата или видеото, може да се користи и геолокација.

## АКТИВНА УЛОГА ВО РАЗОТКРИВАЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ

Медиумите се очекува да имаат активна улога во разобличување на дезинформациите и погрешните информации. Важно е во тој процес лажните информации да ги заменат со нешто што е точно. „Веднаш информирајте дека станува збор за лажни информации, особено во насловите. Објаснете ги причините зошто се шири оваа лага, зошто луѓето веруваат во тоа или зошто некој промовира одредени нешта. Така ќе им се помогне на луѓето да разберат зошто ги следат овие дезинформации иако се погрешни. Едноставните и кратки објаснувања, обично, се најефикасни“[10].

Во ова посебно важна улога имаат и водителите на контактните програми и емисии, од кои се очекува внимателно да ги следат изјавите на лицата што се вклучуваат, со цел да се избегне пренесување дезинформации во етер. Ова особено се однесува на околностите кога лицата што се вклучени во програмата во живо изнесуваат непроверени информации од социјални мрежи, објавени во други медиуми, итн.

[10] Open Notebook (2020) *Tip sheet: Covering the coronavirus epidemic effectively without spreading misinformation,* достапно на: https://www.theopennotebook.com/2020/03/02/tipsheet-covering-the-coronavirus-epidemic-effectively-without-spreading-misinformation/

Редакциите треба добро да ги проверуваат и фактите изнесени во колумните. На пример, во неодамнешна колумна објавена во Нујорк Пост (New York Post) се тврди дека коронавирусот е биолошко оружје што произлегло од кинеска лабораторија, без какви било докази во научна смисла. „Колумната беше мислење спакувано со јазикот на науката, а напишано од претседателот на Институтот за истражување на популацијата, непрофитна организација што се спротивставува на контролата на популацијата“[11].



10 Journalist’s Resource, *Covering COVID-19 and the coronavirus: 5 tips from a Harvard epidemiology professor*, достапно на: https://journalistsresource.org/studies/society/public-health/covid-19-coronavirus-epidemiology/

Со оглед на тоа дека станува збор за новоидентификуван вирус, а изворот е непознат, сè уште постојат голем број ограничувања во однос на познавањата на неговото пренесување. Под одредени услови, воздушниот пат на пренос на некои коронавируси е забележан при незаштитена изложеност на контаминирани аеросоли од респираторните секрети или со фекален материјал, што и во случај на овој коронавирус, засега не е исклучено како можност. Кај луѓето се пренесува по респираторен пат преку респираторните секрети што се ослободуваат при кашлање и/или кивање. Коронавирусите вообичаено предизвикуваат потешки заболувања кај возрасните лица, лицата со нарушен имунолошки систем и тие кои живеат со хронични заболувања (дијабетес, канцер или хронични белодробни заболувања).

На новинарите, медиумските работници, одговорните уредници, менаџментите и на тие кои организираат средби со новинари или новинарите кои организираат средби со извори за информации како за себе, така и за колегите, но и за општата јавност им е обврска да се придржуваат кон препораките и насоките дадени од ресорните институции на државата, како што се Министерството за здравство (МЗ), Институтот за јавно здравје (ИЈЗ), регионалните Центри за јавно здравје (ЦЈЗ), Комисијата за заразни болести (КЗБ), министерствата за внатрешни работи, за одбрана и за надворешни работи, Претседателот на државата, како и други државни институции, но и организациите и здруженијата на новинарите и на медиумските работници кои своите препораки и информации ги пренесуваат од меѓународните организации, во дослух со СЗО.

## СТАНДАРДНИ МЕРКИ ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

1. Хигиена на рацете (редовно и темелно измивање на рацете).



2. Основни принципи на добрата респираторна хигиена се:
    - кивање и кашлање во чисто шамивче или хартиено марамче за една употреба,
    - правилно фрлање на употребеното шамивче/марамче во затворена корпа за отпадоци,
    - кивање и кашлање во ракавот во висина на надлактицата и/или превојот на лактот (свиен лакт од внатрешната страна) и никако тоа да се прави во/на дланката,
    - одржување оддалеченост од најмалку еден метар меѓу вас и други луѓе.





3. Лични заштитни средства соодветни на проценетиот ризик, особено во делот на ракувањето со опремата со која работат медиумските работници (дезинфициенси за камери, фотоапарати, микрофони, работни површини...), а со тоа и безбедно ракување, чистење и дезинфекција на сè тоа што доаѓа во допир со медиумските работници.





4. Чистење на работната средина и на надворешната околина.

5. Соодветно управување со отпадот од работните простории и надвор од нив.



6. Одредување на едно вработено лице во медиумот, кое ќе биде одговорно за комуникација и за информирање за ситуацијата, додека трае пандемијата од КОВИД-19.



- Менаџментот на медиумот има обврска да ги ослободи од работни обврски и да ги прати во самоизолација или да се договори со нив доколку сакаат да работат од дома, новинарите и медиумските работници кои имаат некоја од хронични болести на дијагнози објавени на листата на Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

- Повозрасните новинари и медиумски работници, тие кои имаат хронични здравствени состојби, а кои не се дел од листата на МЗ при РСМ, како и бремените новинарки и медиумски работнички кои активно одат на работа според својата лична одлука, сепак се дел од луѓето кои имаат висок ризик на изложеност на вирусот и поради тоа работодавачот треба да им зададе обврски кои ќе можат да ги работат во домашни услови, или исклучиво редакциски задачи.

- При известување од места со поголема група на луѓе, држете оддалеченост од најмалку три до пет метри од групата, доколку има потреба да ѝ се доближите за снимање или фотографирање.

- При известување од некој настан, побарајте информација од организаторот на настанот дали во просторот (доколку е затворен) има обезбедено посебен дел за медиуми и можност за оддалеченост од најмалку еден метар меѓу новинарските екипи на секој медиум, особено меѓу снимателите, без разлика дали е седентарна или стоечка средбата.

- Исто така, побарајте заштита од користење еден ист микрофон за поставување на прашањата. Доколку овие протоколи не се изведени според стандардите, побарајте од организаторите тоа да ви го обезбедат, или да ви дадат пристап до онлајн пренос на настанот (доколку имаат организирано), од каде што ќе ги обезбедите изјавите. Во спротивно, доколку мора да известувате од таков настан,

договорете се со колегите самите да се распоредите низ просторот, при што би имале оддалеченост меѓу себе.

- Може и да побарате од лицето за односи со јавност и медиуми на организаторот на настанот, дали може да ги доставите прашањата по електронски пат и тие да бидат поставени прецизно како што се напишани кон лицето од интерес за медиумите, а потоа да добиете транскрипт на одговорите и на поставените прашања.

- Новинарските екипи или раководителите на медиумите може и меѓу себе да се договараат да испраќаат само една екипа за сите медиуми, кога станува збор за настани од јавен интерес поврзани со состојбата, при што на новинарот од таа екипа ќе му/ѝ ги испратат прашањата од интерес на секој медиум, при што таа екипа потоа ќе ги сподели снимените материјали. Или, јавниот радиодифузен сервис тоа да им го обезбедува според договор.

- Доколку сте испратени да патувате во места во земјата каде што има зголемен број на регистрирани случаи заболени од „коронавирусот“ строго почитувајте ги сите дадени препораки и насоки за превенција.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ТЕРЕН

- Снимателите треба да прават постојана дезинфекција на опремата за работа со средства кои ќе им ги обезбеди менаџментот. Врвовите од статививе кои доаѓаат во допир со земјата не смеат да се допираат со незаштитени раце. Дополнително, да се дезинфицираат и деловите каде што стативите најчесто се фаќаат со рацете, но и на рачките од торбата за носење на опремата, како и на деловите од камерата

каде што таа доаѓа во допир со рацете или со лицето. Истиот совет се однесува на секоја дополнителна опрема која е потребна за реализација на снимањето, меѓу кои и каблите кои најчесто се на земја, или подна површина.

- Фоторепортерите треба да го направат истото со својата работна опрема.

- Рачката од микрофонот кој се користи на терен треба да се дезинфицира исто како и останатата опрема, но и доколку микрофонот има заштитен сунѓер врз него, тој треба или засебно да се третира со распрскувачки дезинфициенс или да не се користи кога нема потреба. При земањето изјави, микрофоните да се држат на најголемата оддалеченост која тој ја дозволува, а доколку тоа не е можно, тогаш да се наместат на различна страна за секој соговорник, како и за новинарот кога го употребува, при што никако не смеат да дојдат во допир со рацете кои потоа би допреле делови од лицето, или пак самиот микрофон да допре до нечии усни.

- Диктафоните и другите апарати за снимање звук, меѓу кои и мобилните телефони да се дезинфицираат пред и по оставањето врз површини кои се јавни и за кои се нема сигурност дали се дезинфицирани и да не се дозволи друг да доаѓа во контакт со нив при снимањето, но и потоа.

- Секој новинар да си користи сопствени слушалки (доколку не му се обезбедени) за вклучувањата на линк, за чијашто хигиена и дезинфекција самиот ќе биде одговорен.

- При снимањето и при вклучувањата во живо, доколку новинарите имаат соговорник, тогаш минималната оддалеченост помеѓу секој од присутните (новинар – снимател – соговорник) треба да биде еден метар.

- Службените возила со кои се оди на терен, да се дезинфицираат пред и по употреба, а особено влезните и излезните рачки на вратите, воланите како и брзиноменувачите.

- Доколку се снима или, пак, се посетува место кое се смета за ризично за инфекција, како што е болница или клиника, постојано да се носат заштитни ракавици. Дополнително, никогаш не оставајте ја опремата директно врз подната површина. Доколку постои можност ставете одредена подлога која потоа ќе ја фрлите во затворена корпа за отпадоци, а опремата веднаш пребришете ја со алкохолни марамчиња, темелно дезинфицирајќи ја. На овие локации, доколку е тоа можно, побарајте заштитна навлака за обувките за една употреба, или носете обувки кои се водоотпорни, при што вторите треба да бидат измиени пред да се напушти местото кое е ризично. Следете ги препораките на властите во вакви случаи.

- Секогаш осигурајте се дека вашите раце се темелно измиени со вода и со сапун или со дезинфициенс врз база на алкохол пред, за време и по напуштањето на местото од ризик.

- Светската здравствена организација се изјасни дека не се потребни заштитни маски за луѓето кои немаат симптоми, освен доколку не е поинаку наложено од страна на властите. Особено во услови кога снимате во болница/клиника или погодено подрачје. Сепак, доколку носите заштитна маска, наместо „хируршка“ едноставна маска, ставете маска N95 или FFP2/FFP3 респираторна маска. Осигурајте се дека маската го покрива делот од лицето од над носот до долниот дел на брадата. Притоа, внимавајте да не влегува воздух од краевите. Доколку имате брада или мустаќи кои излегуваат од границите на маската, имајте на ум дека таа ви е бесполезна, зашто не ги затвора главните влезови за честичките на вирусите. Избегнувајте да ја допирате маската. Кога ќе ја вадите, единствено фаќајте ја само за ластиците. Никогаш не допирајте ја самата маска, особено не однапред.

## ПРЕПОРАКИ ЗА РЕДАКЦИСКО РАБОТЕЊЕ

- Медиумот да размисли за опцијата, доколку е тоа можно врз основа на расположливите човечки ресурси, да ги подели секторите, редакциите и техничките оддели во два тима кои никогаш меѓу себе нема да остварат физичка комуникација ни приватна – ни службена за време на пандемијата. Оваа препорака е од особен интерес на јавниот радиодифузен сервис, кој и во најконзервативните сценарија треба да има расположливи екипи за известување на јавноста. Со оваа препорака се избегнува можноста од заразување на колективот во целост, а би се одржале оптимални услови за работа.

- Еден човек треба да се грижи околу комуникацијата со колегите кои се отсутни поради мерките на Владата на РСМ, или, пак, се во задолжителна самоизолација, поради патување во некоја од земјите со ризик. Истиот тој човек, треба да го информира секој од вработените доколку дошол во контакт со заразено лице, или, пак, лице кое патувало во некоја од земјите со ризик, за да му се препорача самоизолација на таквиот вработен, според препораките дадени од МЗ на РСМ.

- Секој вработен кој може да ги извршува своите работни обврски без никаква пречка од својот дом, да биде поттикнат од менаџментот да го прави тоа. Без разлика дали припаѓа на некоја од групите во ризик, или во некоја од групите кои се дел од препораките на Владата на РСМ. Така, ќе се намали фреквенцијата на луѓе во затворени простории, а со тоа и ризикот од ширење на вирусот.

- Секој медиум да има обезбедено дезинфициенс или гелови врз база на алкохол на влезната врата каде што и пред излегување и при враќањето назад секој вработен или гостин мора да ги дезинфицира рацете темелно.

- Такви средства да има на неколку места низ медиумот, за редовна употреба и постојана дезинфекција на рацете на работното место.

- Препорачано е, доколку не е нужно, работните состаноци и колегиумите да не се одржуваат, или пак, да се одржуваат во што е можно помал број, или преку алтернативни начини на комуникација (видео-конференција, телефонски или на отворено), каде што меѓу секој присутен би имало еден метар одвоеност.

- Препорачано е низ ходниците, на инфо-таблите или на видливи места да се стават илустрации за тоа како правилно се мијат рацете, како и останатите информации кои менаџментот ќе процени дека е важно да бидат истакнати.

- Одредете една просторија во којашто ќе се јаде. Храна низ останатите простории и низ личните остави на вработените не смее да има, а уште помалку, пак, да се чува.

- Чашите треба да се чуваат во затворен простор.

- Се препорачува физичката одвоеност меѓу секој вработен да биде најмалку еден метар.

- Во просториите да има корпи за отпадоци кои би биле со можност за затворање или покривање, или пак би биле доволно оддалечени од сите вработени. Истото важи и за надворешните корпи со поголем капацитет за отпад.

- Доколку некој од вработените има појава на симптоми на настинка или грип, а се дијагностицирани дека не се поврзани со „коронавирусот“ и сепак доаѓаат на работа (што не е препорачано), да седат на работното место со заштитна „хируршка“ маска (не респираторна или N95) на лицето, со што би се превенирало опаѓање на колективниот имунитет на сите вработени.

- Доколку се посомневате дека во вашиот колектив има лице кои покажува симптоми на „коронавирусот“, без паника посочете на лицето кое е назначено за комуникација за КОВИД-19 или обратете му се на вработениот, оддалечени минимум еден метар, да се изолира

во една просторија, каде што никој нема да влегува. Веднаш контактирајте ги службите со епидемиолозите.

- Доколку во колективот веќе почнува да се проширува КОВИД-19, секој што ќе развие дури и благи симптоми на настинка или грип, или има покачена температура (од 37,3°C па нагоре) треба да остане дома и да работи од дома. Дури и тие кои земаат парацетамол/ацетаминофен, бруфен/ибупрофен или аспирин, исто така, зашто овие лекови може да ги затскријат симптомите на инфекцијата.

- Заедничките простории да се проветруваат редовно, а во просториите каде тоа се прави со клима-уред и кои немаат прозорци (глуви соби, студија, мастер-соби, линк-соби, режии...), клима-уредите редовно да се одржуваат и чистат. Истото важи и за клима-уредите во просториите каде што има прозорци.

- Да не се зајмуваат пенкала, УСБ-стикови, запалки, моливи или други ситни секојдневни работи, а за кои претходно не се знае на какви површини биле оставени.

- Во услови на пандемија, секој вработен се грижи за хигиената на заедничките простории:

  - Рачките од вратите редовно да се пребришуваат со алкохолен дезинфициенс.

  - Во тоалетите постојано да има сапун, вода, тоалетна хартија и бришачи за раце.

  - Во кујнските простории да има сапун, вода и бришачи за раце, како и течни детергенти за миење на садовите и на чашите. Садовите и чашите да се чуваат во затворени остави.

  - Во шминкерните да се обезбедат сунѓерчиња за нанесување пудра за секој посебно, а на гостите да им се препорачува да си носат

свои шминки и прибор за нивно нанесување. Доколку постои можност, да се овозможи топла вода и сапун во шминкерните за постојана хигиена, поради допири врз лица.

- Работните површини (масите, бироата, тастатурите, глувчиња, рачките од столчињата) редовно да се дезинфицираат со средство врз база на алкохол.

- Техниката која се користи постојано во режиите и во останатите простории, како што се глувите оф-тон кабини или заедничките печатачи да се дезинфицираат исто така, барем со дезинфициенс со систем за распрскување.

- Микрофоните во оф-тон кабините и во студијата да бидат на поголема оддалеченост од стандардите и доколку постои можност новинарите, водителите и гостите во студиото да не зборуваат директно во нив. Сунѓерите врз микрофоните да се дезинфицираат со минимум 60-процентен алкохолен дезинфциенс со систем на распрскување.

- Површините на студиските пултови, маси и други видови мебел исто така постојано да се дезинфицираат.

- Монтажерите да одржуваат редовна дезинфекција на работните површини, тастатурите и на глувчињата за работа, како и доколку не е нужно да не се користат слушалки за аудио-монтажа, туку звучници. Доколку се користат слушалки, да се пребришуваат со дезинфициенс. Истото важи за сите медиумски работници, меѓу кои и толкувачите за знаковен јазик, а и кои се изложени на работа на компјутер и/или со слушалки, односно друг вид опрема за работа.

- Камерманите да се грижат за хигиената на студиската опрема за снимање и за пренос и нејзина дезинфекција.

## ГОСТУВАЊА ВО ЕМИСИИ НА НАДВОРЕШНИ ЛИЦА

- Водителите на емисии во кои се организираат гостувања на надворешни лица, можат да ги организираат како онлајн гостувања преку Скајп (Skype), Зум (www.zoom.us) или други слични платформи, при што и лицата кои се самоизолирани, а се од јавен интерес можат да продолжат да бидат дел од дебатните емисии. Ова особено ќе биде потребно кога пандемијата ќе биде во пикот, а мерките ќе бидат исклучително рестриктивни за населението, како и поради појавата на општа вознемиреност при излегување од дома.

- Доколку, сепак, имаат гости, кои ќе бидат во студио, да ги прашаат дали во изминатите 14 дена патувале во некоја од земјите со ризик, а доколку не, дали имале контакти со лица кои во изминатите 14 дена патувале во некоја од земјите со ризик. Со ова, ќе се намали можноста за ширење на „коронавирусот“ на работното место, а со тоа се штити и целиот медиум од изолација, доколку се случи појава на регистриран случај во колективот.

- Гостите да се поттикнуваат да доаѓаат со сопствено возило или, пак, со такси служба, наспроти обезбеден превоз со службено возило од страна на медиумот.

- Гостите обврзно да ги дезинфицираат рацете при влез во медиумот.

- При фризерски и шминкерски услуги на гостите, пред и по нив обврзно да се дезинфицира користената опрема за тоа.

## ОНЛАЈН БЕЗБЕДНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА КРИЗАТА

- Обрнете внимание на вашата дигитална безбедност и сигурност. Имајте предвид дека врз основа на податоци од компанијата за сајбер-безбедност, „Нортон“, меѓународните новинарски организации пријавија измамници и хакери кои испраќаат електронски спам-пораки поврзани со Ковид-19 („коронавирус“) со можност за крадење на лични податоци. Доколку ви се случи вакво нешто, пријавете го тоа во Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР на РСМ.

## СОВЕТИ ЗА РАБОТНИОТ ОДНОС

Доколку ви е ускратено правото, според одлуките и препораките кои ги донела Владата на РСМ по однос на ваше ослободување од работните обврски за време на пандемијата со КОВИД-19 и/или ви е извршен мобинг преку други извори на загрозување на вашето здравје и/или здравјето на вашите колеги, обратете се до Државниот инспекторат за труд на телефонскиот број 151-31 при Министерството за труд и социјална политика (МТСП), или до Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Ова важи и за вработените кои според конкретни насоки и препораки од Владата на РСМ се ослободени од работните обврски на одреден период како родители на деца до одредена возраст.

Внимание за работодавачите од државниот и од приватниот сектор во овој дел упати и Владата на РСМ, посочувајќи дека непочитувањето ќе биде санкционирано, согласно членовите 205 и 206 од Кривичниот законик (КЗ) за опасност од ширење заразни болести.

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ ЗА ДЕЛОТ Б:


- Coronavirus disease (COVID-19) outbreak. WHO; 2020. Достапно на: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019 - последен пат пристапено на 16.3.2020
- Getting your workplace ready for COVID-19. WHO; 27 February 2020. Достапно на: https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/getting-workplace-ready-for-covid-19.pdf - пристапено на 12.3.2020
- CPJ Safety Advisory: Covering the coronavirus outbreak. CPJ; March 9, 2020. Достапно на https://cpj.org/2020/02/cpj-safety-advisory-covering-the-coronavirus-outbr.php - пристапено на 10.3.2020.
- CPJ Journalist Security Guide: Covering the News in a Dangerous and Changing World. Frank Smyth/CPJ Senior Adviser for Journalist Security, with updates from CPJ's Emergencies Response Team; 2020. Достапно на: https://cpj.org/reports/2012/04/journalist-security-guide.php - пристапено на 11.3.2020
- Protection measures for persons who are in or have recently visited (past 14 days) areas where COVID-19 is spreading. WHO; 2020. Достапно на: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/advice-for-public - пристапено на 12.3.2020.
- Корона-COVID-19 Брошура. Македонско здружение за заштита при работа (МЗЗПР); март, 2020. Достапно на: http://mzzpr.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/Корона-Covid-19-брошура.pdf – последен пат пристапено на 16.3.2020
- Сите информации, препораки, прашања, одговори и вистини за коронавирусот. Министерство за здравство на Република Северна Македонија; март, 2020. Достапно на: http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/ - последен пат пристапено на 16.3.202012.3.2020.
- Safety WP, World Health Organization. WHO guidelines on hand hygiene in health care. World Health Organization; 2009. Достапно на: https://www.who.int/gpsc/5may/tools/9789241597906/en/ - пристапено на 15.3.2020
- WHO Standard Precaution. World Health Organization; 2007. Достапно на: https://www.who.int/csr/resources/publications/EPR_AM2_E7.pdf - пристапено на 15.3.2020
- N95 vs FFP3 & FFP2 masks – what's the difference? Достапно на: https://fastlifehacks.com/n95-vs-ffp/ - пристапено на 15.03.2020
- Novel Coronavirus (COVID-19) v3. WHO Opperational Support; 2020. Достапно на: www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/dcp--ncov.pdf?sfvrsn=f5fe6234_4&download=true - пристапено на 10.3.2020
- Tragedies & Journalists. by Joe Hight, Frank Smyth; February 17, 2009. Достапно на: https://dartcenter.org/content/tragedies-journalists-6?section=all – пристапено на 14.3.2020



www.znm.org.mk